Практичен дел – ХИГИЕНА И САНИТАЦИЈА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНА

Доц. д-р Димитар Наков

Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје

Институт за анимална биотехнологија

Катедра за здравје и благосостојба на животните

ПРЕДУСЛОВНИ ПРОГРАМИ ЗА ХИГИЕНА НА ХРАНАТА

- Инфраструктура и опрема;
- Суровини;
- Безбедно ракување со храната;
- Безбедно ракување со отпадоците од храната;
- Постапки за контрола на штетници;
- Санитарни постапки (чистење и дезинфекција);
- Квалитет на водата;
- Квалитет на воздушната средина;
- Одржување на ладен синџир;
- Здравје на персоналот;
- Хигиена на персоналот;
- Континуирана обука.

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Цели и рамки на HACCP контрола;
- Анализа на ризик:
  - Проценка на ризик:

    - поставување на приоритети: веројатност, обем и степен на изложеност:

    - критериум и категоризација на ризик: идентификација на ризик, проценка на ризик, проценка на досегашната контрола и идентификација на идна контрола;
  - Управување со ризик;
  - Комуникација со ризик;
- Надлежни органи (АХВ, МЗШВ, РЗЗЗ, ИЈЗ, Високо-образовни институции);
- Човечки ресурси: обука и распределба;

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Организирање и документирање на контроли;
  - Фреквентност на предвидени контроли;
  - Организација на контроли (цел, подготовка, известување, протокол, достапност, непристрасност-доверливост);
  - Документирани процедури;
- Методологија на контролите:
  - Физички преглед;
  - Преглед на документи;
- Посебни контроли;
- Резултат од направените контроли;
- Цели и упатства од контролите:
  - ДПП и ДХП;
  - Документација за безбедност на храната;
  - НАССР;
  - Дополнителен надзор (безбедност на храна, вработување малолетници, декларации, алергени,

ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КРИТИЧНИТЕ КОНТРОЛНИ ТОЧКИ (ККТ)



ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ХИГИЕНАТА

- Процена на можноста за појава и негативно влијание на опасноста:
  - Идентификација на опасноста;
  - Определување на можноста за појава;
  - Определување на негативното влијание;
  - Оценување на ризикот;
- Валидација на HACCP системот;
  - Спроведување на анализа на ризик;
  - Одредување на критични контролни точки;
  - Утврдување на критични граници;
  - Воведување на систем за следење и контрола;
  - Одредување на корективни дејствија;
  - Верификација на системот и неговата функционалност;
  - Евиденција;

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Разладена обработена храна со продолжен рок на траење;
- Вакуумско пакување во прилагодена средина;
- Ладно складирање и одржување на ладен синџир при секоја фаза на производство;
- Топлинска обработка на прехранбените производи;
- Микробиолошки ризици за расипување на храната:

  - Психротропни анаеробни или факултативно анаеробни бактерии: *Listeria monocitogenes*;

  - Непротеолитички бактерии: *Clostridium botulinum*;

  - Патогени микроорганизми: *Salmonella Spp, Escherichia coli, Yersinia enterocolitrica, Yersinia tuberculosis*;

  - Психротропни млечно-киселински бактерии.
- Следливост на микробиолошките опасности во храната.

Контаминација со Listeria monocitogenes во прехранбената индустрија

- Карактеристики на контаминацијата со Listeria monocitogenes во прехранбената индустрија:
  - Контаминација на средината (надворешна и внатрешна контаминација);
  - Контаминација на производот
- Контролни ризични точки:

  - строги хигиенски бариери меѓу приемот на суровините и секторите со висока хигиена;

  - постапки на загревање на производот;

  - контаминација на производот во процесот на преработка (машините се сложени и тешки за расклопување и стерилизација);

  - комори за разладување и складирање на крајниот производ;
- Отпорност на бактеријата на стандардните хигиенски постапки и можност за постојана контаминација: формирање биофилмови, отпорност на дезинфициенси, отпорност на кадмиум, киселина и топлина;

Контаминација со Listeria monocitogenes во прехранбената индустрија



Патишта за контаминација на постројките во прехранбената индустрија

Контаминација со Listeria monocitogenes во прехранбената индустрија

- Процена на ризик при контаминација со Listeria monocitogenes во прехранбените производи готови за конзумација:
  - Карактеризација на опасноста и нејзините негативни влијанија врз здравјето на луѓето (доза – старосна категорија);
  - Проценка на изложеноста на потрошувачите да конзумираат контаминирана храна;
  - Категоризација на прехранбените производи во однос на ризикот да бидат контаминирани со Listeria monocitogenes;

ДИЈАГРАМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ВО РЕСТОРАНИ

Производна линија за пастеризирано млеко

- Идентификација на микробиолошките опасности поврзани со пастеризирано млеко:
  - Грам негативни психротрофни: Pseudomonas, Enterobactereaceae, Aeromonas;
  - Грам позитивни спорогени: Bacilus cereus;
- Карактеризација на опасноста: дејството на микробиолошките опасности врз квалитетот и безбедноста на пастеризираното млеко;
- Процена на изложеноста како дел од ризикот кој се однесува на специфичноста на производната линија: сурово млеко, разменувачи на топлина, постојан притисок, температурен сензор на деловите што тешко се чистат, директен контакт со воздухот во цистерните, хигиенската исправност на водата употребена кај машините за полнење, хигиенски квалитет на воздухот кај машините за полнење, амбалажен материјал;
- Ако за време на преработката се зголеми контаминацијата со една или две бактериски групи, тоа претставува ограничувачки фактор за рокот на употреба.

Производна линија за пастеризирано млеко



Контаминација со психротропни млечно-киселински бактерии во прехранбената индустрија

- Карактеристики на контаминацијата со психротропни млечно-киселински бактерии во прехранбената индустрија:
  - Метаболичката активност предизвикува расипување на финалниот месен производ, горчлив вкус, лош мирис, создавање на CO_2, дуење на пакувањата, промена на бојата и формирање на лигава мембрана на површината на производот;
  - Најчести психротропни млечно-киселински бактерии во прехранбената индустрија се: Enterococcus Spp., Lactobacillus sakei/curvatus, Leuconostoc carnosum, Leuconostoc gasicomitatum, Carnobacterium divergens, Carnobacterium maltaromaticum/piscicola;
- Контролни ризични точки:
  - пакување на производот во вакуум односно модифицирана атмосфера;
  - постапки на конзервирање на производот;
  - контаминација на производот во процесот на преработка (процесната техника и машините);
  - комори за разладување и складирање на крајниот производ;
- Отпорност на бактериите на димење, саламурење и нитрити;
- Примена на молекуларни техники за следење на контаминацијата.

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА

- Чистењето може да се дефинира како отстранување на нечистотијата од површините;
- Природна тенденција за живеење во чисти услови;
- Превентивни мерки за заштита од патогени микроорганизми и заразни болести;
- Намалување на формирањето биофилмови на работните површини кои предеизвикуваат расипување на храната;
- Контаминација, раст, размножување и опстанување на микроорганизмите на работните површини;
- Менаџирање со постапките на чистење:
  - Дизајн на режимот на чистење, зависи од хигиенскиот дизајн на објектот и опремата, производната технологија, СОП, работното време, видот на храна;
  - Идентификација на потенцијалните опасности;
  - План за чистење и дезинфекција (прашалници, распоред на постапки, детални инструкции, формулари со забелешки);
  - Документирање на постапките за чистење и дезинфекција;
  - Валидација на постапките за чистење;

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА



Извори на контаминација на прехранбените производи

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА



Вкрстена контаминација во кланиците и месната индустрија

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА



Оценување на чистотата на работните површини

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА

- Микробиолошко земање на мостри од површините;
- Микроскопски техники: Епифлуоресценција, конфокален ласерски скенер, епископен диференцијален контрастен микроскоп;
- Микробиолошки техники за следење на хигиената на површините:
  - Земање брисеви: широко прифатени, погодни за квантитативни и квалитативни анализи, може да се тестира секоја површина, недостатоци се што нема универзално прифатен протокол, потребна е лабораториска опрема;
  - Контактни плочи за земање отисоци од површините: директен контакт, добра репродуктивност, достапни комерцијални готови плочи, се препорачува време на контакт 10 секунди, сила 25 g/cm^2, недостаток е што може да се тестираат само мазни површини, поинвазивните микроорганизми со својот раст може да ги препокријат останатите микроорганизми, можен остаток на агар на тест површините;
  - Тест лентички: директен контакт, комерцијално достапни, може да се користат за броење на микроорганизми во течни мостри храна или вода, недостаток е што методата е полуквантитативна, можен е остаток на агар на тест површините;

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА

Недостаток: слаба репродуктивност и повторливост на техниката, потешкотија при земање на брисеви од површини на кои има формирано биофилмови, резидуи од дезинфициенси

Директно нанесување на брисот на хранлива подлога или разредување во стерилен раствор со цел ослободување на поголем дел од земаните микроби

Земање брисеви од површина 25 cm², а резултатот се изразува како број на микроби на cm² површина

$$N/cm^2 = \frac{n}{S} \times a \times b$$

Техниката на земање брисеви е релативна и може да се користи за евалуација на програмата за санитација за одреден временски период

Варијанти на техниката: употреба на тенки филмови со хранлива подлога, користење на сунѓери

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА

- Карактеристики на идеален метод на процена:
  - Сензитивност;
  - Репродуктивност;
  - Погоден за влажни и суви површини;
  - Лесен за употреба, брз и ефтин;
  - Добиените резултати да се погодни за статистичка анализа
- Немикробиолошки техники за земање мостри од работните површини:
  - Визуелна процена на чистотата или употреба на лупа и УВ-светлина за детекција на флуоресцентни хемикалии, на пример остатоци на хлорофил;
  - Брзи хемиски тестови за откривање на органски остатоци на површините;
- Предности на брзите хемиски тестови:
  - Универзалност;
  - Апликативност за различни површини и храна;
  - Сензитивност, да направат разлика меѓу добро и лошо исчистени површини;
  - Трошок, време, едноставност, документација, соодветност.

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА

- АТП биолуминисценција:
  - АТП – аденозин трифосфат се енергетски молекули кои се синтетизираат во текот на метаболичките процеси на клетките, освен во вирусните честици;
  - АТП во присуство на ензим емитира светлина која може да се квантифицира со луминометар, дава резултати за 10-30 секунди;
  - Комплексот ензим-супстрат луциферин-луцифераза ја менува хемиската енергија поврзана со АТП во светлина со стоихиометриска реакција при која еден фотон светлина е произведен со хидролиза на еден молекул АТП. Светлината која се емитува се мери во релативни светлосни единици (RLU);
- Предности на методата:
  - Лесно достапна, луминометрите се усовршени што ги прави лесни за употреба од страна на нискоквалификувани лица, може да се поврзат со софтвер, постојат луминометри кои истовремено мерат и pH-вредност и температура;
- Недостатоци на методата:
  - АТП е универзална биохемиска молекула која се наоѓа во голем број прехранбени производи, но исто така голем број преработки од храна го содржат во помала концентрација. Детергентите и останатите санитетски средства имаат сличен ефект како супстанциите кои се користат при тестот па може да доведат до заслабнување или зголемување на сигналот на АТП.

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА



*pyrophosphate

Шематски приказ на реакцијата на АТП биолуминисценција

ЗЕМАЊЕ МОСТРИ ОД ПОВРШИНИТЕ И ОТКРИВАЊЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА

- Брзи хемиски тестови за детекција на протеини и други соединенија на работните површини:
  - Протеини, шеќери (глукоза и фруктоза), NAD, фосфати;
  - Тестовите се колориметриски, ги детектираат крајните обоени продукти на реакцијата;
  - Субјективност на проценката при малку контаминирани површини;
  - Некои методи ја користат биуретската реакција, во која при алкална средина пептидите врски на протеините формираат комплекс со Cu^{2+} јоните, редуцирајќи ги во Cu^{+} јони, кои реагираат со бицинконична киселина формирајќи пурпурни соединенија;
  - Земањето мостри за овие тестови е со помош на брисеви или тест-ленти;

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Визуелизација на микроорганизмите и промените предизвикани од нивната активност, идентификација на различните видови микроорганизми, размножување и чување на бактериските култури во вештачки услови (in vitro);
- Методи на работа во микробиолошките лаборатории:

  - инокулација на хранлива подлога;
  - инкубација;
  - изолација и субкултивирање;
  - посматрање;
  - идентификација до ниво на родови, виддови и подвидови врз основа на морфолошките карактеристики и биохемиската активност, имунолошки тестови и молекуларни анализи;
- Процеси на метаболизам на микроорганизмите (катаболизам и анаболизам);
- Извори на храна за микроорганизмите: храна која служи како извор на енергија, храна која служи како извор на јаглерод, азот, сулфур, фосфор и храна која служи како фактор на растење.

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Различни техники за анализа на микробиолошката контаминација:

  - Одредување на вкупен број бактерии;

  - Микроскопски техники;

  - Културелни техники (изолација и идентификација на резлични микроорганизми;

  - Молекуларни методи (одредување на физичките карактеристики на ДНК молекулата, при што се добиваат фрагменти од молекулата кои се квантифицираат со помош на гел електрофореза);

- Добар молекуларен метод мора да има голема диференцијална моќ за разликување на подтипови во широкиот спектар на видови микроорганизми и да е лесно повторлив;

- Други методи за молекуларно класифицирање на микроорганизмите:

  - електрофореза на мултилокусни ензими;

  - анализа на рестриктивната ендонуклеаза (голема моќ на разграничување, но може да резултира со формирање на бројни фрагменти;

  - амплификација на полиморфна ДНК молекула (голема моќ за разграничување, но проблематична е репродукцијата на резултатите).

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Основни културелни техники за изолација и идентификација на бактериите:
  - Избор на соодветна хранлива подлога;
  - Засејување или инокулирање на материјалот во кој се очекува присуство на одредени бактерии;
  - Инкубирање на засејаната хранлива подлога;
  - Подготвување на субкултура од пораснатите колонии со цел добивање на чисти култури;
  - Посматрање на карактеристиките на израснатите колонии: облик, услови за размножување, морфологија на бактериските колонии, одредување на физиолошките карактеристики на микроорганизмите;
  - Биолошки опит;
  - Антигенска градба;
  - Осетливост према антимикробни средства;
- Култивирање и биохемиско испитување на габите;
- Култивирање на вируси: клетки на чувствителни живи организми, клетки од деловите на ембрионираното кокошкино јајце, клетки на конзервирани ткива и клетки на култура на ткиво.

АНАЛИЗА НА КОНТАМИНАЦИЈАТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА

- Хранливи подлоги за раст и размножување на бактериите:
  - Најважен составен дел на пологите: вода, пептон, крвен серум, јагленохидрати, ферментабилни супстанции, минерални соли, бои, индикатори, телесни течности, желатин;
- Течни, полицврсти и цврсти хранливи подлоги;
- Едноставни и сложени:
  - Диференцијални подлоги: ендо-агар, двоен и троен шеќер, течни подлоги со додаток на јагленохидрати, подлоги со додаток на соли на разни метали, крвен агар;
  - Селективни подлоги: SS-агар, Левенштајн-Јенсенова подлога, Вилсов-Блерова подлога, Кауфман-Милеровиот тетратионатски бујон, селенит F-бујон;
  - Посебни подлоги;
- Поважни хранливи подлоги
  - Месна вода;
  - Хранлив бујон;
  - Хранлив агар;
  - Крвен агар;
  - Подлога по Зајцлер и подлога по Кит-Тарози.

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Присуство на микроорганизми во воздухот;
- Аеросоли во воздухот: дисперзирани течни и цврсти честички во воздухот;
- Главен извор на аеросоли се постапките за чистење;
- Системи за намалување на ризикот за создавање на аеросоли во воздухот:
  - Функционална вентилација, размена на воздухот и филтрирање за отстранување на честичките;
  - Обезбедување на доволни количини воздух за одржување позитивен притисок во областите со висока хигиена и да се ограничи протокот на воздух во областите со ниско ниво на хигиена;
  - Протокот на воздух да не создава области со низок притисок во близина на ходниците, капаците и останатите отвори што може да доведе до загадување.
- Фактори кои влијаат на загадувањето со аеросоли:
  - Создавање на капки и честици во воздухот, големина на честиците и брзина на движење (големина од 1μm – 20 μm);
  - Број на микроорганизми во воздухот;
  - насока на движење на воздухот и изложеност на површините;

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Управување со воздухот во објектите за преработка на храна:
  - Внесување на хигиенски воздух и обезбедување на функционална вентилација;
  - Извлекувањето на загаден воздух да не создава негативен притисок во чистите зони на фабриките;
  - Хигиенски дизајн на фабрикте за да се оневозможи вкрстена контаминација на воздухот;
  - Одводите на системите за вентилација да не бидат позиционирани во близина на ходниците и одводите за воздух од областите со ниско ниво на хигиена;
  - Вентилационите системи да бидат лесно достапни за чистење.
- Постапки за чистење и санитација на објектите:
  - Опремата треба да биде исчистена и санитизирана според дефиниран план;
  - Чистењето со прскање да се сведе на минимум или да биде во согласност со методологијата која создава најмало количество на аеросоли;
  - Воздушните завеси кои штитат од загадување понекогаш се извор на аеросоли;
  - Стандардизирање на постапките за чистење со вода и правилно отстранување на отпадните води од објектите.

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Земање мостри од воздухот: мострите воздух треба да претставуваат репрезентативен примерок со минимален стрес врз микроорганизмите за да се одржи нивната способност за размножување;
- Аеросолите (честици со големина 0,5-50 μm) покажуваат сложено аеродинамичко однесување како резултат на комбинираните физички влијанија што влијае врз земањето мостри, Брауново движење, електричен потенцијал, гравитација, инертна сила, електромагнетна радијација, густина на честичките, апсорпција на влага;
- Пасивни методи за земање проби воздух: седиментација;
- Активни методи: вшмукување, центрифугирање, филтрирање и електростатско забрзување;
- Методи за анализа на воздухот: микроскопски техники, флуоресценција, цитометрија, АТП биолуминисценција и молекуларни техники;
- Способност за опстанок на микробите во воздухот:
  - Релативна влажност, температура, кислород, загаденост со органска материја, светлост, УВ-зрачење, радијација и хемиски фактори;
  - Видот на микроорганизми, фазата на раст, начинот на создавање аеросоли, заштитни форми на микроорганизмите, оксидативен и осмозен стрес
- Критериуми од кои зависи земањето мостри: методите за испитување, специфичноста и нивото на осетливост, времето потребно за добивање на резултатите, одредување на вкупниот број на микроорганизми наспроти способноста за опстанок на микроорганизмите во мострата (живи микроби).

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Времето на земањето мостри треба да соодејствуваат со процесот и целта (место, време, температура, влажност, вентилација, присуство на персонал, количество мостра, метод на испитување, број на земени мостри);
- Ефикасноста на уредот за земање проби воздух зависи од брзината на протокот на воздух и оптималната густина на примерокот. Уредот ги аспирира честиците на влезот, ги пренесува во внатрешноста и ги собира на површината за насобирање;
- Ефикасноста на уредите за земање примерок од биоаеросолите зависи од вовлекувањето на честиците без да влијае на нивната форма, големина, брзина и насока (ефикасност за собирање и биолошка ефикасност за зачувување на примерокот;
- Методи за собирање мостри од воздух:
  - Плочи за седиментација;
  - Импактори и импинџери (ја користат инертната сила на честичките што е одредена со нивната маса и брзина):
    - Импактори со цврста површина (уреди со отвор и уреди со сито) – лиенарна брзина 20-50 m/s, дијаметар на честиците 0,5-1 μm);
    - Каскадни импактори и еднофазни импактори;
    - Импинџер по Андерсен;
    - Уред со систем на површински воздух (САС);
    - Стаклен импинџер со голема брзина на вшмукување;
    - Импинџер со вискозна течност за земање биолошки примероци;

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Центрифугални уреди за земање примероци, со помош на ротор го повлекуваат воздухот нанадвор за да се судри со тангентно поставена желатинозна лента на флексибилна пластична основа. Овие уреди не генерираат брз проток на воздух и се погодни за земање биолошки примероци;
- Системи за филтрирање (впивање, фаќање и дифузија). Апаратот се состои од целулозни влакна, натриум алгинат, стаклени влакна, филтер од желатинска мембрана монтиран на држач и поврзан со уредот за вакуум преку контролорот на проток. Тие се добри за броење на спори и мувли но недостаток им е што не ги штитат клетките на микроорганизмите од сушење;
- Електростатско забрзување: микроорганизмите од воздухот се насобираат во електрично поле а потоа се таложат на хранлив агар;
- Бројач на честички: се базираат на распрснување на ласерска светлина од единица честичка и се користат за мерење на концентрацијата, дистрибуцијата и големината на честичките во воздухот. Оптичките бројачи кои се сретнуваат: ласерски дифрактометри, фазни доплер системи, системи за анализа на интеракцијата;
- Во прехранбената индустрија плочите, импинџерите и центрифугалните уреди се најупотребувани за земање проби воздух.

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Методи за анализа на био-аеросолите:
  - Културелни техники;
  - Микроскопски и флуоресцентни техники. Фазно-контрастен микроскоп за броење на спори;
  - Цитометрија на проток: метод за брзо скенирање на бројот на честици. Се базира на распрскување на светлина и флуоресцентна емисија на бранови должини;
  - АТП биолуминисценција: се базира на присуството на АТП во микроорганизмите кои може да се измери со ензимот луцифераза кој се ослободува под дејство на светлосните искри, а луминисценцијата е пропорционална со присуството на микробни клетки;
  - Молекуларни техники: се детектира присуството на ДНК молекула, при што метаболичките продукти немаат влијание врз точноста на методата. Специфичност и сензитивност;

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

каскаден импинџер

стаклен импинџер

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

нова генерација импинџер по Андерсен



Marple-Miller каскаден импинџер

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА



Каскаден импинџер

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА



ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА



Центрифугален уред за земање проби воздух

Цитометриски уред за земање проба воздух

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- Одредување на прашина во воздухот по методата на Brown:
  - Апарат по Мит-Џет импинџер;
  - Во епрувета со 5 ml етилен алкохол се вшмукува воздух за време од 108 секунди на 13 инчи, при што се вшмукува 5 литри воздух со што пробата е разредена 1:1000;
  - Од резредувањето се зема 1 ml и се става на Нојбаерово предметно стакло со комори за броење. Се бројат честиците прашина кои се нетопиви во вода и честиците кои го допираат горниот десен агол;
  - Комората за броење има 9 големи квадрати со површина 1 mm^2, а секој од нив има 16 мали квадрати со површина од 0,0025 mm^2;

$$\text{број на честици во 1 литар воздух} = \left(\frac{\text{број на избројани честици прашина}}{\text{број на избројани мали квадрати}} - \text{број честици во слепата проба}\right) \times 4000$$

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА



ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА





ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА











ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

- **Одредување на вкупен број микроорганизми во воздухот:**
  - **Седиментациона метода на Петриева плоча со разлеан хранлив агар;**
  - **Експозиција 1 – 15 минути;**
  - **Инкубација 24 часа на 37°C и уште 24 часа на собна температура;**
  - **Се бројат израснатите колонии по претпоставка дека секоја колонија настанала со разраснување на еден микроорганизам.**

$$\textit{број на колонии/m}^2 = \frac{\textit{вкупен број на колонии во петриевата плоча}}{60\,x\,K}\ \textit{x 10000}$$

ХИГИЕНА НА ВОЗДУШНАТА СРЕДИНА

Загадув.	Примарен станд	Averaging Times	Секундарен станд
CO	9 ppm (10 mg/m^3)	8-часа	Не
	35 ppm (40 mg/m^3)	1-час	Не
Pb	1.5 µg/m^3	Просек од квартили/год.	Исто со примарн
NO_2	0.053 ppm (100 µg/m^3)	Годишно (аритмет. сред)	Исто со примарн
Чест$_{10}$	Revoked[(2)]	Годишно (аритмет. сред)	
	150 µg/m^3	24-часа	
Чест$_{2.5}$	15.0 µg/m^3	Годишно (аритмет. сред)	Исто со примарн
	35 µg/m^3	24-часа	
O_3	0.08 ppm	8-часа	Исто со примарн
	0.12 ppm	1-час (само на одредени подрачја)	Исто со примарн
SO_2	0.03 ppm	Годишно (аритмет. сред)	-------
	0.14 ppm	24-часа	-------
	-------	3-часа	0.5 ppm (1300 µg/m^3)

ЗНАЧЕЊЕ НА ВОДАТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

- Водата учествува во одржување на физиолошките процеси во организмот, (размена на материи, растварање на хранливите материи, влијае на концентрацијата на ткивните сокови, учествува во излачувањето на штетните состојки од организмот, во животните изнесува 70% од нивната тежина, кај растенијата до 90%. При загуба на вода од 20-22% доаѓа до смрт

- Своите потреби од вода организмот ги задоволува со храната, извесна количина синтетизира од водородот со оксидација на хранителните материи. Без вода организмот може да живее 10 дена, а без храна 40 дена. Младите животни имаат два пати поголема потреба од вода на килограм телесна маса одколку постарите животни.

- Санитарно и економско значење (водата во процесите на производство мора да биде хигиенски исправна);

- Во комуналните кланици за обработка и преработка на едно крупно грло се троши 300 - 500 литри вода, а за ситно грло 80 - 130 литри вода. Во индустриските кланици потребите за вода се нешто помали, за крупно грло 250 - 450 литри, а за ситно 60 - 100 литри.

- Потребите од вода за обработка на 1 литар млеко во малите млекари изнесуваат 3 литри дневно, во собирните млекари 5 - 8 литри, во реонските и централните млекари околу 3 - 4 литра, а во млекарите за преработка на млеко и фабриките за млеко во прав околу 18 - 20 литри.

ХИДРОЛОШКО-ПЕДОЛОШКИ ОДНОСИ

- Брзина на движење на водата зависи од големината на честиците на почвата (25 cm/h);
- Правец на течење на подземните води (артешки бунар и абесински бунар);
- Загадување на подземните води со микроорганизми;
- Заштита на изворите за вода: зона на строг режим, зона на ограничување и зона на санитарно посматрање;





ИЗВОРИШТА НА ВОДА

- Атмосферска вода, настанува од атмосферските падавини (дожд, снег), лош хигиенски квалитет, блуткав вкус, содржи прашина, гасови и микроорганизми.

- Површинска вода (вода од езера, акумулација, морења, реки, потоци и други застојни води). Хигиенскиот квалитет многу варира, содржат растворени минерали и соли, често загадени со фекалии, отпадни материи од индустриски објекти, хемиски токсини, микроорганизми, паразити.

-Речната вода има способност за самочистење. Во процесот на самочистење речната вода се аерира, потешките честици се таложат, разложување на органската материја под дејство на планктонот во водата и аерацијата, антагонизам помеѓу микроорганизмите, хемиско прочистување.

- Езерска вода, хигиенски почиста од речната, во неа честиците брзо се таложат на дното, според карактерот на планктонот може да се даде суд за загаденоста на водата.

- Бари, канали, се мали резервоари на насобрана атмосферска вода, богата со органска материја, сиромашна со кислород, во неа се одвива анаеробно разградување на органската материја при што се создава H_2S, добива зеленикава боја, извор на интоксикација.

- Подземна вода, настануваат со понирање на атмосферската или површинската вода низ пропустливите слоеви на земјата, ако се наога под притисок се нарекува артешка. Вкусот, хигиенската исправност и хемискиот состав е најдобар, содржи минерални состојки и јаглеродна киселина.

ИЗВОРИШТА НА ВОДА

- Облекти за снабдување со атмосферска вода:

  а) Цистерни: Собирни површини, уреди за пречистување, резервоари, уреди за исцрпување на вода, отвори и цевки за вода и проветрување.

- Објекти за снабдување со површинска вода:

  а) Водојажи;

  б) Брани и вакумски цевки.

- Објекти за снабдување со подземни води:

  а) Бунари (копани, бушени, рени, артешки и субартешки;

  б) Каптирани извори;

  в) Галерии.

- Водовод

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

СВОЈСТВА И КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

- Физички својства на водата: температура, боја, мирис, вкус и провидност;
- Хемиски својства на водата:

а) pH на водата - показател за физичко-хемиската состојба на водата (природна добра вода има неутрална до слабо алкална реакција од присутните карбонати и бикарбонати). Водата во која има присуство на органска материја во фаза на разградување има алкална реакција, а отпадната вода има кисела реакција поради присуството на хумински органски киселини.

б) Кислород во водата, се наоѓа растворен, доаѓа од атмосферата, а неговата количина зависи од температурата на водата и атмосферскиот притисок. Во водата најмногу може да има 15 мг/л кислород. Вода во која има многу органска материја има малку кислород.

в) Јаглен диоксид во водата, слободен или вразан (карбонати и бикарбонати), ако водата содржи повеќе од 12 мг/л CO_2 е знак за загаденост со органска материја.

г) Сув остаток во водата (вкупна количина на присутна материја во водата - органска и неорганска),

д) Тврдост на водата, потекнува од растворените соли (бикарбонати, монокарбонати, хлориди, сулфати, силикати) на земноалканите метали (Ca, Mg)

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

- Мерење на присуството и токсичноста на загадувачите во водата:
  - Токсини или отрови се супстанции кои предизвикуваат сериозни нарушувања на здравјето на луѓето и животните кога се внесени во нивниот организам;
  - Мерка која се користи за да се споредат различните токсини е LD_{50} – dosis letalis (количество на супстанција која доколку е внесена од страна на организмите ќе предизвика смртност кај 50% од популацијата;
- Присуството на хемиски загадувачи во околината се изразува како:
  - ppm – делови на милион односно единици од супстанцијата кои може да се најдат во еден милион единици на растворувачот;
  - ppb – делови на билион;
  - ppt – делови на трилион;

$$\text{ppm} = \frac{\text{дел}(g \text{ или } ml)}{1000000\,ml} = \frac{mg \text{ или } ml}{L} = \frac{mg}{1000\,ml} = \frac{g \text{ или } ml}{1000000\,ml}$$

- Пример: доколку има растворено 20 mg кислород во 5 литри вода, концентрација

$$\text{ppm} = \frac{20\,mg}{5\,L} = 4 \text{ mg/l} = 4 \text{ ppm}$$

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

ѓ) Органски материи во водата (содржината на азотни соединенија е хемиски индикатор за хигиенската исправност на водата и контаминација со органски материи). Количината на вкупниот азот во водата покажува колкава е количината на органска материја која уште не е подложна на разградување. Последен продукт при разградување на јагленовите хидрати во процесот на минерализација на органската материја е CO_2, односно неговите соли, а при разградување на белковините се создаваат низа азотни соединенија од кои најважни се амонијак, нитрити и нитрати. Албуминоидниот азот, кој води потекло од соединенијата кои почнуваат да се разградуваат, е знак дека водата не е хигиенски исправна, а присуството на слободен азот е знак дека започнува минерализација на органската материја:

- Амонијак: прв продукт од разградување на органската материја (индикатор за почетно распаѓање на органска материја), се јавува како албуминоиден и слободен амонијак. Дозволена количина на албуминоиден амонијак е 0,0025 мг NH_4/л вода, а на слободен 0,5 NH_4/л вода. По пат на оксидација амонијакот се разградува на нитрити.

-Нитрити (соли на азотестата киселина, интермедијарни производи во процесот на разложување на органската матер. При оксидација поминуваат во нитрати а со редукција во амонијак. Наодот на нитрити во водата е знак дека процесот на разградување на органската материја е постар.

- Нитрати (органско и неорганско потекло) Дозволена количина на нитрати во вода е 15 мг/л. Нитратите се краен продукт на разградувањето на органската материја, вода која има повеќе од 12 мг/л NO_3, е штетна за младите животни и предизвикува метхемоглобинемија и проливи

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

- Потрошувачка на кислород, водата која содржи органска материја троши кислород за оксидација. Добра вода за пиење треба да троши 2-3 mg O_2/l (8-12 mg $KMnO_4$/l).

- Азот и азотни соединенија во водата, количината на вкупниот азот во водата покажува колкава е количината на органска материја која уште не е подложна на разградување. Последен продукт при разградување на јагленовите хидрати во процесот на минерализација на органската материја е CO_2, односно неговите соли, а при разградување на белковините се создаваат низа азотни соединенија од кои најважни се амонијак, нитрити и нитрати. Албуминоидниот азот, кој води потекло од соединенијата кои почнуваат да се разградуваат, е знак дека водата не е хигиенски исправна, а присуството на слободен азот е знак дека започнува минерализација на органската материја.

- Прв продукт од разградувањето на органската материја од белковинско потекло е амонијакот (албуминоиден и слободен). Дозволена количина на албуминоиден амонијак е 0,0025 mg NH_4/l вода, а на слободен 0,5 NH_4/l вода. По пат на оксидација амонијакот се разградува на нитрити.

- Наодот на нитрити во водата е знак дека процесот на разградување на органската материја е постар.

- Нитратите се краен продукт на разградувањето на органската материја, вода која има повеќе од 12 mg/l NO_3, е штетна за младите животни и предизвикува метхемоглобинемија и проливи.

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

- Хлориди во водата ($NaCl$, KCl, $CaCl_2$, $MgCl_2$), добра вода не треба да содржи повеќе од 200 mg/l хлориди. Присуството на хлориди во водата е индикатор за загаденост со органска материја.

- Урохроми во водата, се создаваат надвор од организмот по биоген пат при разградување на фекалиите. Кога во водата има од 4 до 5,5 mg/l урохроми кај луѓето може да предизвика гушавост, урохромите во организмот го блокираат јодот и функцијата на тироидната жлезда. Водата за пиење не треба да има повеќе од 2,5 mg/l урохроми.

- Биохемиска потрошувачка на кислород, количина на кислород во g/m^3, која се троши при биолошко самочистење на водата за време од 5 дена на 20^0C. БКП не треба да е повисока од 0,2 mg/l.

$$\text{Индекс на заситување на водата со } O_2 \text{ (ИЗК)} = \frac{\text{Најден mg/l } O_2 * 100}{\text{Теоретска заситеност со } O_2 \text{ mg/l}}$$

- Детерѓенти, инсектициди, пестициди, хербициди и слични материи во водата (алкилсулфонати, алкиларилсулфонати)

- Сулфати во водата, последица од разградувањето на белковините во водата и оксидација на сулфурводородот. Хигиенски добра вода не треба да има повеќе од 60 mg/l сулфати.

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

в) Железо во водата (потекло од земјата или од водоводниот систем, во длабоките води се наоѓа во јонска состојба, присуството на железо во водата ги менува органолептичките својства.

г) Олово;

д) Хлориди, ги има во секоја вода како соли на натриум, калиум и магнезиум, дозволена количина е 250 mg/l. Зголеменото присуство на хлориди е индикација за присуство на органски материи во водата;

ѓ) Водород сулфид (неорганско и органско потекло)

е) Тврдост на водата (содржина на калциумови и магнезиумови соли во вид на карбонати, сулфати, хлориди, нитрати). Тврдоста се изразува во германски, англиски и француски степени.

ж) Фенол;

з) Радиоизотопи.

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

- Минерали во водата, маскимално дозволени концентрации:

- ✓ Олово 0,1 mg/l;
- ✓ Бакар 0,2 - 0,3 mg/l;
- ✓ Арсен 0,05 mg/l;
- ✓ Железо 0,2 mg/l;
- ✓ Манганови соединенија $Mn(HCO_3)_2$, $MnSO_4$ 0,05 mg/l;
- ✓ Флуор 1 - 1,5 mg/l;
- ✓ Цинк 0,5 mg/l.

- Биолошко испитување на водата. Живите организми во водата, микро или макроорганизми од растителен или животински карактер (планктон, сапрофитни или патогени микроорганизми) се познати како биоценоза. Повисоко организираните микроорганизми во водата (рибите и др), се познати како нектон. Подвижните организми во водата се нарекуваат планктон, а неподвижните бентос. Микроорганизмите во водата ја разградуваат органската материја, вршејќи минерализација до трајни соединенија (CO_2, H_2O, NH_4, NO_3), при што се создава храна и кислород за другите животни во водата. Наодот на биоценозата дава слика за степенот на загаденост на водата. Врз основа на сапробноста на одделни животни во водата ги делиме на полисапробни, мезосапробни, олигосапробни.

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

Физичко-хемиски својства	мерна единица	МДК
Боја	mg/l	20
Заматеност	mg/l SiO_2	10
Мирис		без
Вкус		без
Температура	^oC	25
Концентрација на H^+ јони	pH	6,5-8,5
Електроспроводливост	mS/cm при 25^oC	
Потрошувачка на $KMnO_4$	O_2 mg/l	3
Вкупен сув остаток	mg/l при 105^oC	
Вкупна тврдост	Ca mg/l	60
Растворени супстанции	mg/l	без
Растворен кислород (% на заситување со кислород	%	>75
Слободен CO_2	mg/l	без агресивност
H_2S	mg/l	без
Слободен резидуален хлор	mg/l	0,5
Азбест	број на влакна	без

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

- Инфективен материјал во водата, водата која содржи органска материја од анимално потекло е добра основа за развој на патогени микроорганизми, паразити и развојни облици. На овој начин водата станува извор за ширење на заразни болести (антракс, чума и црвен ветар кај свињи, туберкулоза, бруцелоза, колера и др), извор на паразитарни болести (метил, тенија и др). Индиректно присуството на патогени микроорганизми во водата се испитува со докажување на присуството на коли микроорганизми во водата кои се индикатор за загадување на водата:

- Коли титар, се подразбира најмалата количина испитувана вода во која е најден коли микроорганизам.
- Коли индекс, се подразбира колку коли микроорганизми има во еден литар вода.
- Добра вода за пиење не треба да има коли титар понизок од 10 ml, односно во 10 ml да нема ниту еден коли микроорганизам.

- Радиоизотопи во водата

ХИГИЕНА НА ВОДАТА

Микроскопско – биолошко испитување на водата (сапробност на водата)

ХИГИЕНСКА ОЦЕНКА НА ВОДАТА

ИСПИТУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ СВОЈСТВА НА ВОДАТА

- Преглед на самото место;
- Земање проби вода за анализа;
- Опрема потребна за анализа на водата (Хефнерови цилиндри, Хелигенеов компаратор;
- Одредување боја на водата (стандарден раствор направен од 2,49 грама $KPtCl_6$ и 2,016 грама $CoCl_2x6H_2O$ во 200 мл HCl и до 1 литар дестилирана вода – вака подготвен стандардниот раствор содржи боја од 1000 единици);
- Прозирност на водата (пробата вода се споредува со раствор направен од 10 mg/l силикатна земја – SiO_2 во дестилирана вода, која дава матеж од 10^0;
- Температура на водата;
- Мирис на водата;
- Вкус на водата;

ХИГИЕНСКА ОЦЕНКА НА ВОДАТА

ИСПИТУВАЊЕ НА ХЕМИСКИТЕ СВОЈСТВА НА ВОДАТА

- Електрохемиска реакција на водата (pH-вредност) со индикатор метилоранж (во кисела средина добива црвена боја, во базна жолта, а во неутрална портокалова) или фенолфталеин (во кисела средина е безбоен, во базна карминцрвена, а во неутрална слабо розева), индикаторска хартија, pH – метар или потенциометар;
- Вкупно материи во водата (испарен остаток и жарен остаток);
- Органска материја во водата (потрошувачка на $KMnO_4$):
- Слободен амонијак во водата: 100 мл проба вода, 2 мл раствор Сењетова сол и 2 мл раствор Неслер, присутниот амонијак ја обојува мешавината жолто;
- Нитрити во водата: 100 мл проба вода, 2 мл сулфонилна киселина и 2 мл раствор алфанафтиламин, присуството на нитрити мешавината ја обојува темновиолетово;
- Нитрати во водата: 10 мл проба вода, неколку капки бруцин и 2 мл концентрирана сулфурна киселина;
- Хлориди во водата по методата на Мохр: на 100 мл проба вода се додава 1 мл раствор на K_2CrO_4 и мешавината се титрира со раствор на $AgNO_3$ до појава на слабо црвеникава боја;
- Биохемиска потрошувачка на кислород за време од 5 дена ($БКП_5$ mg/l);
- Алкалитет и ацидитет на водата (алкалитет на водата претставува потрошувачка на киселина во mg/еквивален, за титрација на 1 литар вода до нејзина неутрализација, додека ацидитет претставува потрошувачка на база во mg/еквивален, за титрација на 1 литар вода до нејзина неутрализација);
- Тврдост на водата: непостојаната тврдост на водата ја прават присутните бикарбонатни и карбонатни соли на Ca и Mg, додека другите соли на Ca и Mg ја прават постојаната тврдост. Се изразува во германски (10 mg/l CaO), англиски (10mg/0,7l $CaCO_3$) и француски (10 mg/l $CaCO_3$) степени.

ХИГИЕНСКА ОЦЕНКА НА ВОДАТА

ИСПИТУВАЊЕ НА ХЕМИСКИТЕ СВОЈСТВА НА ВОДАТА

❑ Органска матертија во водата (потрошувачка на $KMnO_4$):

1. Во ерленмаер се става 100 мл проба вода, се додава 5 мл H_2SO_4 1:3 и 15 мл $KMnO_4$;

2. Ерленмаерот со мешавината се загрева, при што добива црвено-виолетова боја;

3. На мешавината се додава 15 мл раствор на 0,01n $(NH_4)_2C_2O_4$ за неутрализација на непотрошениот $KMnO_4$, при што мешавината се обезбојува;

4. Делот од 0,01n $(NH_4)_2C_2O_4$ кој останал непотрошен го одредуваме со ретитрација на мешавината со 0,01n $KMnO_4$ до појава на слабо розеникава боја;

3. Количеството на потрошен 0,01n $KMnO_4$ го одредуваме според формулата:

0,01n $KMnO_4$ (mg/l) = [(15-y)xF-15]x10x0,316
y = потрошен 0,01n $KMnO_4$ за ретитрација
F = фактор на 0,01n $KMnO_4$



ХИГИЕНСКА ОЦЕНКА НА ВОДАТА

ИСПИТУВАЊЕ НА ХЕМИСКИТЕ СВОЈСТВА НА ВОДАТА

❑ **Слободен кислород во водата по методата на Винклер:**

1. 100 мл проба вода во шише со брусено грло и косо засечен чеп;

2. Се додава 0,5 мл $MgCl_2$ и алкален раствор на KJ под површината на водата;

3. Се додава 3 мл HCl и се титрира со 0,025n $Na_2S_2O_3$ (натриум тиосулфат) до појава на слабо жолтеникава боја;

